Медиумите објавија вест од спроведеното истражување на Македонскиот центар за меѓународна соработка и Институтот за демократија, во врска со перцепциите на јавноста за актуелните политички случувања
.

**Анкета: Македонија е во политичка криза**

Македонија е во политичка криза. Таква перцепција имаат дури 80,7 проценти од граѓаните, или 75,2 отсто Македонци и 80,7 Албанци во анкетата на Институтот за демократија и Македонскиот центар за меѓународна соработка. Граѓаните не очекуваат кризата да има поголемо влијание на соживотот и на интеграциите, туку сметаат дека најпогодена ќе биде економијата.

Извор: Утрински весник

**Граѓаните бараат вонредни избори**

Резултатите за вонредни избори ќе ги објавиме дополнително, откако ќе ги сумираме сите одговори. Но, ние пред некое време имавме истражување на јавното мислење дали граѓаните се за предвремени избори и мнозинството одговорија позитивно. Она што недостигаше е консензус во одговорите. Мислам дека сегашната анкета ќе го покаже токму тоа, дека постои консензус за предвремени избори веднаш, вели Мисев од Институтот за демократија и солидарност.

Опозицијата треба безусловно да се врати во Парламентот. Ова е ставот на 51,1% од 1108 испитаници кои учествувале во истражувањето на Институтот за демократија и МЦМС. Само 16,3% сметаат дека треба да и се исполнат барањата за да се врати во Собрание, а 15,4 сметаат дека не треба да се враќаат во пратеничките клупи.

Извор: Вечер

**Македонија во политичка криза, сметаат граѓаните**

Во Македонија има политичка криза, вака сметаат 80,7 отсто од населението во земјата. Овие податоци се земени од истражувањето за перцепцијата на јавноста за актуелните политички случувања, спроведено од Институтот за демократија во соработка со Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во периодот од 5 до 7 март оваа година со 1.108 анкетирани лица. Мислењето дека во земјата има политичка криза гледано од аспект на етнички состав го делат 75 отсто од Македонците и 94,5 отсто од Албанците. Од вкупниот број на анкетирани само 4,6 отсто се изјасниле како неопределени.

Извор: Коха

**Институт за демократија и МЦМС: 51 % од граѓаните бараат безусловно опозицијата да се врати во Собранието**

Опозицијата треба безусловно да се врати во Собранието, сметаат 51 отсто од граѓаните на Македонија, покажува истражувањето на перцепциите на јавноста за актуелните политички случувања спроведено од Институтот за демократија во соработка со Македонскиот центар за меѓународна соработка.

Извор: Канал 5

**Анкета:Мнозинството за безусловно враќање на опозицијата во Собранието**

Оумдесет отсто од граѓаните во Македонија  сметаат дека во земјава има политичка криза и дека опозицијата треба да се врати во Парламентот, покажува анкетата на Институтот за демократија и Македонскиот центар за меѓународна соработка. На прашањето: дали сметате дека во Македонија има политичка криза, осумдесет отсто од испитануиците одговориле позитивни, при што гледано по етничка припадност 75% од етничките Македонци и 94,5% од Албанците сметаат дека има постои криза, а дека енма

криза оцениле 19,2% од Македонците и 3,3% отсто од Албанците.

Извор: Алсат-М

## Над половина од граѓаните бараат враќање на опозицијата во Собранието

Над половина од македонските граѓани сметаат дека опозицијата треба да се врати во Собранието, покажува последното истражување спроведено од Институтот за демократија во соработка со Македонскиот центар за меѓународна соработка.

Безусловно враќање бараат 51,1 процент од испитаниците, додека 16,3 отсто сметаат дека враќањето треба да се случи доколку се исполнат барањата. Со НЕ одговориле 15,4 отсто, додека со НЕ ЗНАМ 13,6 отсто од испитаниците.

Гледано по етничка основа, безусловно враќање бараат 58,8 отсто од испитаниците-Македонци, додека кај Албанците тој процент изнесува 31,5.

Извор: Алфа ТВ

## Анкета на Институтот за демократија во соработка со МЦМС

Опозицијата безусловно да се врати во Собранието бараат 58,8 отсто од анкетираните Македонци и 35,1 отсто од Албанците или 51,1 отсто од вкупното население, покажува истражувањето на перцепциите на јавноста за актуелните политички случувања спроведено од Институтот за демократија во соработка со

Македонскиот центар за медународна соработка (МЦМС) во периодот од 5 до 7 март годинава на репрезентативен примерок од 1.108 испитаници.

Извор: [МТВ]

## Анкета: Опозицијата треба безусловно да се врати во Парламентот

Само 16,3% сметаат дека треба да и се исполнат барањата за да се врати во Собрание, а 15,4 сметаат дека не треба да се враќаат во пратеничките клупи.

Фамозни 80,7% сметаат дека во земјава има политичка криза, Сегментирано по етничка линија, тоа се 75,2% од од Македонците и 94,5% од Албанците. 14,7 сметаат дека политичка криза нема.

Извор: [Сител]

## Анкета на Институтот за демократија во соработка со МЦМС за перцепциите на јавноста за политичките случувања

Опозицијата безусловно да се врати во Собранието бараат 58,8 отсто од анкетираните Македонци и 35,1 отсто од Албанците или 51,1 отсто од вкупното население, покажува истражувањето на перцепциите на јавноста за актуелните политички случувања спроведено од Институтот за демократија во соработка со Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во периодот од 5 до 7 март годинава на репрезентативен примерок од 1.108 испитаници.

Извор: [МИА]

**Над половина од граѓаните бараат враќање на опозицијата во Собранието**

Над половина од македонските граѓани сметаат дека опозицијата треба да се врати во Собранието, покажува последното истражување спроведено од Институтот за демократија во соработка со Македонскиот центар за меѓународна соработка.

Безусловно враќање бараат 51,1 процент од испитаниците, додека 16,3 отсто сметаат дека враќањето треба да се случи доколку се исполнат барањата. Со НЕ одговориле 15,4 отсто, додека со НЕ ЗНАМ 13,6 отсто од испитаниците.

Извор: Макфакс

**Македонија: Граѓаните сметаат дека земјата е во криза**

Над 80 отсто од граѓаните на Македонија сметаат дека земјата се соочува со политичка криза.

Ова е соопштено од спроведената анкета на Институтот за демократија во соработка со Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), која како основа имаше 1.108 анкетирани во периодот од 5 до 7 март оваа година.

Над 75 отсто од Македонците се изјасниле дела земјата се соочува со криза, додека 94,5 отсто од Албанците се изјасниле на ист начин, додека над 80,7 отсто од граѓаните без разлика на етничката припадност дале оценка за кризата во земјата.

Извор: ИНА

**Анкета: Политичка криза има, а поради неа ќе страда економијата**

Најголем дел од граѓаните на Македонија сметаат дека во земјава има политичка криза, но не мислат дека таа ќе се одрази врз меѓуетничките односи или пак дека негативно ќе влијае на македонските евроатлантски аспирации, туку дека ќе ја погоди економијата, покажала анкета спроведена од Институтот за демократија и Македонскиот центар за меѓународна соработка.

Извор: Нетпресс

**Граѓаните бараат опозицијата да се врати во Собранието**

Опозицијата безусловно да се врати во Собранието бараат 58,8 отсто од анкетираните Македонци и 35,1 отсто од Албанците или 51,1 отсто од вклупното население.

Извор: Македонија 24

**Над половина од граѓаните бараат враќање на опозицијата во Собранието**

Над половина од македонските граѓани сметаат дека опозицијата треба да се врати во Собранието, покажува последното истражување спроведено од Институтот за демократија во соработка со Македонскиот центар за меѓународна соработка. Безусловно враќање бараат 51,1 процент од испитаниците, додека 16,3 отсто сметаат дека враќањето треба да се случи доколку се исполнат барањата. Со НЕ одговориле 15,4 отсто, додека со НЕ ЗНАМ 13,6 отсто од испитаниците. Гледано по етничка основа, безусловно враќање бараат 58,8 отсто од испитаниците-Македонци, додека кај Албанците тој процент изнесува 31,5.

Извор: Канал 77

**Анкета: Во Македонија има политичка криза**

Анкета на Институтот за демократија и МЦМС покажува дека 80,7% од граѓаните сметаат дека во Македонија има политичка криза.

Од нив 68,7% сметаат дека кризата најмногу ќе се одрази на економијата, 21,8% на меѓуетничките односи, а 24,6 на евроатлантските интеграции на земјава.

Извор: Пресс 24

**Опозицијата безусловно да се врати во Собранието**

Според последната анкета направена од Институтот за демократија, во соработка со Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) за перцепциите на јавноста за политичките случувања, најголем број од граѓаните бараат опозицијата безусловно да се врати во Собранието.

Извор: Курир

**Над половина од граѓаните бараат враќање на опозицијата во Собранието**

Над половина од македонските граѓани сметаат дека опозицијата треба да се врати во Собранието, покажува последното истражување спроведено од Институтот за демократија во соработка со Македонскиот центар за меѓународна соработка.

Безусловно враќање бараат 51,1 процент од испитаниците, додека 16,3 отсто сметаат дека враќањето треба да се случи доколку се исполнат барањата. Со НЕ одговориле 15,4 отсто, додека со НЕ ЗНАМ 13,6 отсто од испитаниците.

Извор: Кајгана

### Над половина од граѓаните бараат враќање на опозицијата во Собранието

Безусловно враќање бараат 51,1 процент од испитаниците, додека 16,3 отсто сметаат дека враќањето треба да се случи доколку се исполнат барањата. Со НЕ одговориле 15,4 отсто, додека со НЕ ЗНАМ 13,6 отсто од испитаниците.

Гледано по етничка основа, безусловно враќање бараат 58,8 отсто од испитаниците-Македонци, додека кај Албанците тој процент изнесува 31,5.

Извор: Точка